**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПРИЛЕП**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

БР. 03-860/2
од 27.02 2019год.
Прилеп

Врз основа на член 35 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16,163/16,64/2018 и 168/18), член 50, точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02), член 26 од Статутот на Општина Прилеп, ,Градоначалникот на Општина Прилеп го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

**Се организира јавна презентација и јавна анкета** по архитектонско- урбанистички проект за ГП бр.1.3 со намена Д3 – спорт и рекреација од УПВНМ за туристичко - рекреативен центар во КО Дабница, Општина Прилеп. Проектниот опфат е дефиниран со полигонална гранична линија, која се поклопува со надворешните граници на постојната градежна парцела.

Вкупната површина на новоформираната градежна парцела е 33717,79м2.

Јавната анкета и јавната презентација на архитектонско- урбанистички проект за ГП бр.1.3 со намена Д3 – спорт и рекреација од УПВНМ за туристичко - рекреативен центар во КО Дабница, Општина Прилеп, ќе се спроведе со излагање на планот во просториите на Општина Прилеп и на интернет страната на општината www.prilep.gov.mk. **Јавната анкета ќе трае 5 работни дена од 04.03.2019 до 08.03.2019г. секој работен ден од 8,30 до 15,30 часот**.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на **ден 08.03.2019г. во 13:00 часот** во просториите на Општина Прилеп.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Прилеп**
**Илија Јованоски**

Република Македонија
ПРИЛЕП
Општина Прилеп